**ЗАПИСНИК**
**од 9–та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 25.03.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, м-р Арбен Саити, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 10:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски во врска со предложениот Дневен ред објасни дека под Точка Разно има еден дополнително доставен материјал - Предлог за изрекување мерка јавна опомена на СИГНАЛ-НЕТ ДОО Куманово, заради прекршување на член 141 од ЗААВМУ и предложи да биде ставена како Точка 11, а потоа Точка Разно да се помести за еден број подолу и да биде Точка 12. Објасни дека неколку седници наназад се практикува материјалите под Разно да се ставаат во Дневниот ред како посебни точки.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот дополнет:

## **Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.03.2021 година.
2. Предлог-заклучок за начинот на одржување на седниците на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
3. Предлог за утврдување на став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатот од извршената ревизија од независниот ревизор за 2020-та година.
4. Предлог-годишен извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година.
5. Предлог-одлука за набавка на адвокатски услуги во износ во висина на преостанатите одобрени, а неискористени финансиски средства за оваа услуга и Предлог – договор.

6. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД КОМЕТА 2000 Раде ДООЕЛ Гостивар.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Мобилна телефонија.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување на компјутерска и друга ИКТ опрема.
9. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата.
10. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Миење на возила.
11. Предлог за изрекување мерка – јавна опомена на СИГНАЛ-НЕТ ДОО Куманово, заради прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
12. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.03.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог-заклучокот за начинот на одржување на седниците на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги објасни дека минатиот пат г-дин Фиданоски потсетил дека Заклучокот треба да се ажурира. Информира дека тој е со иста содржина како претходниот со тоа што датумот е продолжен до 30.06.2021 година и притоа се остава простор седниците да се одржуваат и со физичко присуство во просториите на Агенцијата, во зависност од состојбата со Коронавирусот.

Поради потребата од преземање дополнителни мерки и активности за превенција, спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19, Советот на Агенцијата едногласно одлучи во периодот до 30.06.2021 година седниците да се одржуваат преку видео конференциска врска.

Во текот на времетраењето на периодот наведен во Заклучокот, седниците на Советот може да се одржуваат и со физичко присуство во просториите на Агенцијата, во зависност од состојбата со Коронавирусот.

Г-дин Петрушевски рече дека е добро што овој Заклучок се донесе, затоа што има трет бран на вирусот кој е малку поразличен од претходниот, бидејќи е поопасен и се разболуваат и помлади личности.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за утврдување на став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатот од извршената ревизија од независниот ревизор за 2020-та година. Објасни дека ова претставува стандардна точка Советот да има мислење односно свој став во однос на извршената

ревизија. Предлогот кој е доставен гласи дека Советот целосно се согласува со ревизорските наоди. Но, реално рече дека не постои друга можност, бидејќи да се согласува или да не се согласува ревизорскиот извештај е таков како што е изработен од страна на независниот ревизор.

Г-дин Петрушевски рече дека Советот не треба да се меша во работата на ревизорот но Законот дал ваква обврска да имаат свој став како Совет.

Г-дин Трајчев побара од службата да дадат објаснување за ревизорскиот извештај во насока што е подобрено од минатата година и што треба да се подобри во иднина.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека ревизорскиот извештај во однос на содржината во еден дел се разликува од минатата година. Имено минатата година имаше забелешка од ревизорот дека Агенцијата има многу ненаплатени побарувања кои се стари и реално не можат да се наплатат. Од таа причина во текот на 2020 година се донесоа одлуки и сите тие побарувања се тргнаа од билансите и сега се дава една покомплетна слика за работењето на Агенцијата. Другите податоци се однесуваат на трансакциите кои се извршени минатата година и дека се согласно стандардите односно дека финансиското работење на Агенцијата е во согласност со Законот за непрофитни организации. Тоа значи дека годината завршува на 30 јануари 2021 година и дека сите тие приходи и расходи кои се прават во тој период се ставени во билансите како што и треба согласно Законот за непрофитни организации. Посочи дека забелешката односно резервата што ја имаше независниот ревизор кој ги правеше анализите на финансиските извештаи на Агенцијата за 2019 година, сега во 2020 година ја нема и истата е надмината.

Советот на Агенцијата едногласно го утврди ставот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатот од извршената ревизија од независниот ревизор за 2020 година.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во целост се согласува со мислењето дадено во Ревизорскиот извештај за 2020 година, заверен во архивата на Агенцијата под број 03-1022/3 од 18.03.2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот став да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски објасни дека го прочитал Предлог-годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година. Наведе дека во врска со Нацртот имаше неколку дискусии од членови на Советот и службата речиси се прифатила во форма како што тие сметале дека е правилно и ги вградила во содржината. Рече дека е задоволен од тоа што воведот е проширен и сега нема забелешки на предложениот документ.

Г-дин Трајчевски објасни дека она што беше дискутирано на седницата од страна на г-дин Петрушевски и г-дин Ајдини кога се разгледуваше Нацрт-извештајот сега е вметнато во предлог документот.

Г-дин Петрушевски рече дека и г-дин Фиданоски имаше обемна дискусија и добра е праксата кога на нацрт документ се даваат забелешки затоа што на тој начин ќе се подобри предлог верзијата.

Г-дин Фиданоски се согласи дека по Нацрт-извештајот имал една пообемна дискусија меѓутоа таа повеќе била негово мислење по однос на извештајот. По читањето на документот забележал дека конкретните забелешки на г-дин Петрушевски и г-дин Ајдини се вметнати во воведот на самиот извештај. За документот рече дека е детален, обемен и ги отсликува сите активности што АВМУ ги имала во изминатите 365 дена поточно во 2020 година.

Г-дин Ајдини рече дека ќе се надоврзе на дискусијата на г-дин Фиданоски. Извештајот за работата на Агенцијата како и секогаш е прецизно и добро направен. И честита на службата за сложената работа особено во изминатата година и секако и оваа. Објасни дека сè што беше како идеја да се стави во годишниот извештај особено неговите забелешки е вградено. Посочи дека бил консултиран од страна на службите и е вметнато тоа што требаше да се додаде. Сега е добро изработен и се отсликува и работата на Советот.

Г-дин Петрушевски рече дека пронашол една техничка грешка на страна 6 од извештајот или страна 34 од вкупниот материјал, и предложи во третиот параграф зборот „оие“ да се корегира во „овие“.

Советот на Агенцијата со техничката корекција едногласно донесе Одлука со која се одобрува Годишниот извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година (со Извештај за реализација на Годишниот план за програмски надзор за 2020 година и Финансиски извештај за реализација на Финансискиот план за 2020 година и годишната сметка со реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за 2020 година).

Агенцијата да постапи во согласност со член 8 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” 42/20) и член 11 став 2 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за набавка на адвокатски услуги во износ во висина на преостанатите одобрени, а неискористени финансиски средства за оваа услуга и Предлог-договор. Објасни дека во текот на месец февруари 2021 година претходно ангажираната адвокатска фирма одби да ја застапува на суд Агенцијата за еден предмет заради лични и пријателски односи со вработена со Агенцијата. Бидејќи адвокатската фирма одбила и рекла дека не може да ја застапува Агенцијата, побарал да се раскине договорот бидејќи сметал дека е непрофесионално да се доведува институцијата да не оди на суд  заради тоа што адвокатската фирма смета дека заради одредени предмети не може да ја застапува. Договорот имаше отказен рок од 30 дена и тој е веќе надвор од правен промет. Во консултации со заменик

претседателот, тој му предложил друга адвокатска канцеларија. Објасни дека претставничката на таа адвокатска канцеларија прво имала состанок со него, со раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот-Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска и раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска, а потоа имала состанок со раководителката на Одделението за нормативно-правни работи м-р Ивона Муфишева каде што се разгледуваа деталите. Посочи дека сега е предложен договор со тоа што овој договор е на иста основица и ќе важи до крајот на 2021 година со една разлика со тоа што ова адвокатско друштво не е ДДВ обврзник и износот од 5,400.00-5,500.00 илјади денари што досега се плаќаше како ДДВ на основниот договор во овој случај нема да биде наплатувано, туку само основната сума од договорот 30.500,00 денари.

Г-дин Петрушевски рече дека Дневниот ред треба да се коригира во насловот за оваа точка. Предложената одлука за набавка на адвокатски услуги ја потпишува директорот на Агенцијата, а Советот дава одобрение за носење на одлуката бидејќи има финансиски трошоци. Во таа насока рече дека можеби точката би требало да гласи Предлог за давање одобрување за носење на одлуката за набавка на адвокатски услуги.

Советот на Агенцијата за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Трајчев даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за набавка на адвокатски услуги од адвокатска канцеларија, за временски период од 01.04.2021 година до 31.12.2021 година.

Надоместокот за набавка на адвокатските услуги од горенаведената одлука изнесува 274.500,00 денари (без ДДВ), и е во висина на преостанатите одобрени, со Одлука на Советот (арх.бр.05-4775/1 од 30.12.2020 г.), а неискористени финансиски средства за набавка на оваа услуга, кои средства се предвидени во Финансиски план на Агенцијата за 2021 година.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со адвокатска канцеларија, да склучи договор со кој се уредуваат меѓусебните односи на двете договорни страни.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД КОМЕТА 2000 Раде ДООЕЛ Гостивар. Објасни дека причината поради која се поднесува известувањето и причината поради која ќе се прави промена на сопственичката структура на овој радиодифузер е поради тоа што постојниот сопственик е починат. Согласно решението за оставинска постапка уделот од радиото припаѓа на неговата сопруга. Направени се проверки и согласно Законот нема никакви пречки таа да се јави како основач на радиодифузер. Според податоците од Централен регистер таа не е основач на ниедно трговско друштво. Известувањето е уредно и ги содржи сите елементи освен онаа изјава заверена на нотар што вообичаено ја дава управителот на радиодифузерот но во овој случај починатото лице беше управител.

Г-дин Фетаи рече дека ги разгледал материјалите и видел дека по смртта на управителот се јавиле двајца наследници, но сега само неговата сопруга се јавува како наследник. Бидејќи управителот има и син, праша како тоа е регулирано?

Раководителката Давидовска Довлева објасни дека во самиот предлог до Советот е наведено дека биле наследници и неговата сопруга и синот на починатото лице. Но синот дал наследничка изјава дека не се прифаќа за наследник на оставината и се откажува од делот кој по Закон му припаѓа. По оваа постапка целокупниот имот се препишува на другиот наследник односно на сопругата на починатиот.

Г-дин Петрушевски рече дека сите што имале вакво искуство знаат дека на нотар кога се оди, единствен начин семејството да се заштити од понатамошни даноци е тој што не сака да го земе делот да потпише дека не го прифаќа наследството.

Советот на Агенцијата едногласно донесе одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на ТРД КОМЕТА 2000 Раде ДООЕЛ Гостивар, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени во сопственичката структура на ТРД КОМЕТА 2000 Раде ДООЕЛ Гостивар не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) и тие не се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Г-дин Трајчевски во врска со предложената јавна набавка објасни дека во јуни 2021 година истекува договорот и затоа се преземаат активности навремено да се започне постапката за да се спроведе и да не се доведе Агенцијата да не може да користи услуги на мобилна телефонија. Овој договор стандардно е предложен на 2 години со цел да се добијат поголеми субвенции и пониски цени на услугите.

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Мобилна телефонија. Објасни дека набавката е предвидена и во Годишниот план за јавни набавки за 2021 и во Финансискиот план на Агенцијата. Според средствата постапката ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка, со објавување на оглас во електронскиот систем на јавни набавки и во Службен весник на Република Северна Македонија. Сите други податоци за набавката се наоѓаат во предлог-одлуката која е доставена до Советот како материјал и во техничката спецификација. Со оваа набавка ќе бидат обезбедени мобилни претплатнички линии, мобилни претплатнички линии за користење на мобилен интернет и претплатнички линии за 4G HotSpot уреди.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка–услуга: Мобилна телефонија.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–услуга: Мобилна телефонија е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 8**

Г-дин Петрушевски во врска со точката објасни дека станува збор за одржување на сите компјутери и целата опрема што се користи во Агенцијата, освен системот за мониторинг кој оди во посебна набавка бидејќи е посебен систем за одржување. Го разгледал материјалот и забележал дека е добро што може да се платат и нула денари за оваа набавка затоа што се наплаќа ако се појави дефект, ако се расипе некој уред и се поправи.

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување на компјутерска и друга ИКТ опрема. Објасни дека од аспект на Законот за јавни набавки, за оваа јавна набавка се исполнети основните услови за таа да може да се спроведе. Тоа значи дека набавката е предвидена и во Годишниот план за јавни набавки за 2021 и во Финансискиот план на Агенцијата. Според средствата постапката ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка, со објавување на оглас во електронскиот систем на јавни набавки и во Службен весник на Република Северна Македонија. Сите други податоци за набавката се наоѓаат во техничката спецификација и во предлог-одлуката која е доставена до Советот како материјал.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка–услуга: Одржување на компјутерска и друга ИКТ опрема.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–услуга: Одржување на компјутерска и друга ИКТ опрема за период од 2 (две) години е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 9**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата. Објасни дека набавката е предвидена и во Годишниот план за јавни набавки за 2021 и во Финансискиот план на Агенцијата. Според средствата постапката ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка, со објавување на оглас во електронскиот систем на јавни набавки и во Службен весник на Република Северна Македонија. Набавката ќе се склучи за период од 2 години. Сите други податоци за набавката се наоѓаат во

техничката спецификација и во предлог-одлуката која е доставена до Советот како материјал.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–услуга: Одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 10**

Г-дин Петрушевски во врска со точката објасни дека станува збор за мали средства за 42 илјади денари годишно која оди како класична набавка.

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Миење на возила. Објасни дека набавката е за период од 2 години и според износот на средствата таа ќе биде спроведена како набавка од мала вредност со објавување на оглас во електронскиот систем на јавни набавки. Станува збор за миење на 5 службени возила на Агенцијата. Сите други податоци за набавката се наоѓаат во техничката спецификација и во предлог-одлуката која е доставена до Советот како материјал.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Миење на возила.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Миење на возила е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 11**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлогот за изрекување мерка – јавна опомена на СИГНАЛ-НЕТ ДОО Куманово, заради прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека станува збор за редовен програмски надзор и се констатира дека тој за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „ZICO TV“ кој не е опфатен со потврдите за регистрација на програмските сервиси издадени од АВМУ што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ. Од таа причина се предлага до Советот да му се изрече мерка јавна опомена и да му се наложи веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-1169/1 од 23.03.2021 година и едногласно заклучи на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство, трговија и услуги СИГНАЛ-НЕТ ДОО Куманово да му изрече марка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за производство, трговија и услуги СИГНАЛ-НЕТ ДОО Куманово, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на целата територија на Република Северна Македонија, за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „ZICO TV" кој не е опфатен со потврдите за регистрација на програмските сервиси издадени од АВМУ, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 12**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-1128/12
12-04 **2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**